# ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

## МОЈ ДДВ #МОЈАНАГРАДА.

### 1. Кој се може да учествува во наградната игра “Мој ДДВ # МојаНаграда”?

Учесници во наградната игра се сите полнолетни физички лица државјани на Република Северна Македонија, кои се регистрирани корисници на системот за е-персонален данок на Управата за јавни приходи. За учество во наградната игра, учесниците треба да се корисници на апликацијата “Мој ДДВ” и да ги прифатат условите, односно правилата на наградната игра со внесување на личниот пин код од апликацијата “Мој ДДВ” во полето за учество во наградната игра. Со прифаќање на условите за учество на наградната игра секое лице ќе треба да изјави под материјална, морална и кривична одговорност дека е полнолетно лице во моментот на прифаќање на условите за учество во наградната игра и да даде изјава за согласност за користење на неговите лични податоци.
Секое полнолетно лице кое ги прифатило условите за учество во наградната игра, со поднесување на податоците од фискалната сметка по пат на скенирање на бар кодот од истата станува потенцијален добитник на некоја од наградите.

### 2. Дали фискалните сметки кои што не подлежат на данок (0%) може да учествуваат во наградната игра?

Фискалните сметки кои не подлежат на данок, односно чиј данок изнесува 0% и покрај тоа што не добиваат повратни средства од ДДВ, можат да се скенираат и да учествуваат во наградната игра.

### 3. Со колкав број на скенирани фискални сметки едно лице ќе може да учествува во наградната игра?

Во наградната игра, едно лице може да учествува со неограничен број на скенирани фискални сметки независно од износот на кои гласат.

### 4. Кои сметки учествуваат во извлекувањата на дневните награди?

Во извлекувањата на дневните награди учествуваат сите скенирани сметки во тековниот ден започнувајќи од 15.12.2019 година до 14.12.2020 година (од 00:00:01 часот до 24:00:00 часот).

## 5. Дали извлечените сериски броеви (од скенираните фискални сметки) можат понатаму да учествуваат во извлекувањето на другите награди?

Извлечените сериски броеви во дневните награди не учествуваат во извлекување на наградите во колото во кое е добиена дневната награда, како и во извлекувањето на двете главни награди.

## 6. Колку дневни награди може да добие еден учесник во еден ден?

Еден учесник со само еден кориснички број на системот Е-ПДД во текот на еден ден може да добие само една дневна награда.

## 7. Кои сметки учествуваат во извлекувањета на месечните награди?

Во извлекувањето на месечните награди учествуваат сите валидни и недобитни сериски броеви од дневните извлекувања, добиени за скенираните фискални сметки во период од првиот до последниот ден до 24:00:00 часот во тековниот месец.

## 8. На кој начин еден корисник може да учествува во извлекувањето за главните награди?

Првата главна награда ќе се извлече на 18.03.2020 година во која ќе учествуваат сите валидни и недобитни сериски броеви од предходните извлекувања добиени за скенираните фискални сметки во период од 15.12.2019 година до 15.03.2020 година.

Во дванаесттото извлекување на наградите на ден 19.12.2020 година, ќе се изврши извлекувањето на втората главна награда во кое ќе учествуваат сите валидни и недобитни сериски броеви од претходните извлекувања добиени за скенираните фискални сметки во периодот од 15.12.2019 година до 14.12.2020 година. Извлекувањето на втората главна награда ќе се изврши веднаш по извлекувањето на наградите од дванаесеттото коло.

## 9. Кога и каде ќе се извршува извлекувањето на наградите во наградната игра?

Извлекувањата ќе се вршат на национална телевизија во лото емисијата, веднаш по завршувањето на извлекувањето на Лото 7/37 и дополнителната игра Џокер кои започнуваат во 20:00 часот.

## 10. Колку изнесува и како е распределен наградниот фонд за наградната игра?

| | Поединечна вредност на наградите (во денари) | Количина | Вкупна вредност на наградите (во денари) |
|---|---|---|---|
| ДНЕВНИ НАГРАДИ | 1.000 | 1.464 | 1.464.000 |
| | 2.000 | 1.098 | 2.196.000 |
| | 3.000 | 1.098 | 3.294.000 |
| НАГРАДИ КОИ ЌЕ СЕ ДОДЕЛАТ ВО 12 КОЛА | 117.647 | 180 | 21.176.460 |
| ГЛАВНИ НАГРАДИ | 3.529.412 | 2 | 7.058.824 |
| | ВКУПНО | 3.842 | 35.189.284 |

* Во сумите е вкалкулиран надомест за исплата на пресонален данок

## 11. На чиј товар паѓа данокот на доход при остварување на добивка?

Данокот на доход паѓа на товар на учесникот кој ја остварил наградата.

## 12. Кога ќе бидат објавени резултатите, односно добитниците на наградите?

Добитниците на дневните награди, наградите од дванаесетте извлекувања и главните награди ќе бидат објавени во рок од 3 дена од секое извлекување на веб страната на Државна лотарија www.loto.mk/MojaNagrada .

## 13. Кој нема право да учествува во наградната игра?

Во наградната игра не смеат да учествуваат вработените на приредувачот на наградната игра и членовите на нивните потесни семејства.

## 14. Дали лица под 18 години имаат право да учествуваат во наградната игра?

Лица под 18 години согласно одлуката бр.45-7680/1 за приредување на наградната игра “Мој ДДВ #МојаНаграда” немаат право да учествуваат во истата.

Лицата кои имаат навршено 15 години имаат право да ја користат апликацијата Мој ДДВ само за повраток на данок.